Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 23/0306
22.01 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2020 година, врз основа на примена жалба од Игор Изотов, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет – порталот „Република“, со текстот насловен „Заев и Димитров нè вратија во 19 век, на граница можеш да се пишеш Грк или Србин, но не и Македонец“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 24 декември 2019 година, Игор Изотов поднесе жалби за текстот со наслов „Заев и Димитров нѐ вратија во 19 век, на граница можеш да се пишеш Грк или Србин, но не и Македонец“, објавен на 22 декември 2019 година, на интернет – порталот „Република“ (www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорените текстови содржат неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, нарушување на приватноста и на авторски права.

Подносителот на жалбата појаснува дека негова лична објава на „Фејсбук“ била искористена за спинување на дневно – политички теми и дека била целосно извадена од контекст.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Република“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека Кодексот на новинарите е прекршен во членовите 1 и 13.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека се работи за текст без автор, чија содржина се заснова единствено на статус на корисник на социјалната мрежа „Фејсбук", кој споделува свое искуство за наводен проблем при преминување на границата меѓу Јордан и Египет.

Содржината, несомнено, произлегува од јавниот интерес, но не на начин на кој е пренесена. Медиумот воопшто не се потрудил да обезбеди објективна и проверена информација, на начин, што ќе контактира релевантна институција за да добие потврда дали информацијата е точна или веродостојна за споделување со јавноста. Новинарите се обврзани да ги проверат информациите колку што е можно повеќе, за да ја избегнат опасноста од манипулации и дезинформирање.

Медиумите, воедно, се одговорни и за искажаното на социјалните мрежи, зашто со нивното објавување таквите содржини добиваат јавност и затоа не ги ослободуваат од одговорност.
Во отсуство на официјална потврда на случајот, авторот морал да изрази резерва, воздржаност и сомнеж кон Фејсбук статусот, наместо да смета дека е доволно да го пренесе, нудејќи го како извесен епилог. Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка, е нагласена во воведните две реченици од текстот:

***„Со потпишувањето на Договорот од Преспа, власта нè убедуваше дека идентитетот ни е зачуван и оти секогаш и секаде ќе бидеме Македонци. Но, дека тоа во пракса покажува искуството на Игор Изотов, кој на Фејсбук го сподели искуството од границата помеѓу Јордан и Египет".***

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во продолжение, Комисијата утврди дека новинарот во текстот се јавува во улога на коментатор, односно, не прави суштинска разлика меѓу фактите и мислењата. Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 13** од Кодексот на новинарите, чија отстапка, особено е нагласена во насловот од текстот:

***„Заев и Димитров нè вратија во 19 век, на граница можеш да се пишеш Грк или Србин, но не и Македонец"***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Со оглед дека социјалните мрежи се чест извор на лажни и непроверени информации, Комисијата се согласи и дека интернет – порталот „Република“, во случајов, требало да го контактира лицето, сопственик на содржината и да ја провери кредибилноста на статусот, како и неговата точност. Во исто време, медиумот требало да побара и дозвола од сопственикот на профилот, зашто во новинарската професија е недозволиво по автоматизам да се преземаат и користат информации од приватни лица, кои не се ниту избрани или именувани функционери, ниту се политички личности.

Истото важи и за копирање и објавување изјави, статуси, фотографии, видео - снимки или какви било пишани или аудио/видео материјали од приватни профили или блогови без да се побара дозвола од сопственикот, особено кога се работи за приватно лице, како во конкретниов случај.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет-порталот „Република“ (www.republika.mk) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595